**20151464131**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од бучава во животната средина,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 август 2015 година.

Бр. 08-3681/1
21 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Член 1

Во Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 79/2007, 124/2010, 47/11 и 163/13) во членот 52 во ставовите (3) и (4) зборовите: „Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“се заменуваат со зборовите: „Државната Комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“.

Член 2

Во членот 56 став (1) во воведната реченица по зборот „лице“ се додаваат зборовите: „односно трговец поединец“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице односно трговец поединец ќе се изрече на одговорното лице во правното лице односно трговец поединец за дејствијата од став (1) на овој член.“

Во ставот (3) бројот „300“ се заменува со зборовите: „50 до 75.“

Ставовите (5) и (6) се менуваат и гласат:

„За прекршоците од овој член надлежните инспектори прекршочната санкција можат да ја изречат на лице место со врачување мандатен платен налог кој сторителот е должен да го плати во рок од осум дена.



www.pravdiko.mk

Доколку сторителот доброволно не ја плати глобата, мандатниот платен налог има сила на извршна исправа и државниот или овластениот инспектор за животна средина ќе го достави до органот надлежен за присилно извршување за негово извршување.“

По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

“(7) Министерот  кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја пропишува формата и содржината на мандатниот платен налог.”

Член 3

Во членот 57 став (1) во воведната реченица по зборот „лице“ се додаваат зборовите: „односно трговец поединец“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице односно трговец поединец ќе се изрече на одговорното лице во правното лице односно трговец поединец за дејствијата од ставот (1) на овој член.“

Во ставот (3) бројот „500“ се заменува со зборовите „300 до 450“.

Член 4

Во членот 58 воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 20.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице односно трговец поединец доколку: “

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице односно трговец поединец ќе се изрече на одговорното лице во правното лице односно трговец поединец за дејствијата од став (1) на овој член.“

Член 5

Во насловот на членот  59 зборот „посредување” се заменуваат со зборот „спогодување”.

Ставот (1) се менува и гласи:

„За прекршоците утврдени во членот 57 од овој закон, државните и овластените инспектори се должни на сторителот на прекршокот најпрво да му предложат постапка за порамнување со врачување на прекршочен платен налог”.

Во ставот (2) зборот „посредување“ се заменува со зборот „спогодување“.

Ставот (3) се брише.

По ставот (4) кој станува став (3) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

„(5) Министерот  кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја пропишува формата и содржината  на прекршочниот платен налог.

(6) Одмерувањето на висината на глобата за правното лице односно трговец поединец се врши согласно Законот за прекршоци.“

Член 6

Подзаконските акти утврдени во овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила  на овој закон.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.



www.pravdiko.mk